С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 1 година XLVI

27 јануари 2011

1.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, дел од УБ 29-Велес површина на опфат(1.40ха), плански период (2009-2014) Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 4, дел од УБ 29 - Велес површина на опфат(1.40ха), плански период (2009-2014) – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/1
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05 ,137/07 и 91/09) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.01.2011 година донесе

ОДЛУКА
за донесување на ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.78/06 ,140/07 и 12/09) и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ” бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши донесување на ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 1,40ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Графички дел со параметри за спроведување на ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од Јавна анкета и јавна презентација по нацрт ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес

Член 4

За ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број 16-12140/2 од 22.12.2010 година.

Член 2

Просторот за кој се врши донесување на ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 1,40ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Графички дел со параметри за спроведување на ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од Јавна анкета и јавна презентација по нацрт ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес

Член 4

За ДУП за дел од урбана единица 4, дел од урбан блок 29 - Велес, површина на опфат (1,40ха), плански период (2009 – 2014) - Општина Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број 16-12140/2 од 22.12.2010 година.

Број 07-299/2
25.01.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

2.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за збратимување со Општина Каршијака-Измир, Република Турција

Се објавува Одлуката за збратимување со Општина Каршијака-Измир, Република Турција, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/2
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

ОДЛУКА
за збратимување на Општина Велес со Општина Каршијака - Измир, Република Турција

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес, Република Македонија, се збратимува со Општина Каршијака-Измир, Република Турција.

Член 2

Се воспоставуваат релации на соработка со Општина Каршијака- Измир,Република Турција во областа на локалниот економски развој, трговската размена, културната размена и сите други области од надлежност на општините, во интерес на граѓаните на двете општини.

Член 3

Врз основа на оваа одлука и одлуката на Советот на Општина Каршијака-Измир, Градоначалникот на Општина Велес и Градоначалникот на Општина Каршијака-Измир, ќе потпишат Договор за збратимување и взаемна соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-299/3
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

3.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување План за запишување на ученици во I-ва година во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2010/2011 година

Се објавува Заклучокот за донесување План за запишување на ученици во I-ва година во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2011/2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/10
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 24.01.2011 донесе

ПЛАН
за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2011/2012 година

1.Средно општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“ Велес.

Во прва година се планира да се запишат вкупно 272 ученика распоредени во

-7 паралелки на македонски наставен јазик

-1 паралелка на албански наставен јазик.

2.Општинско средно училиште „Јовче Тесличков” Велес

-Во прва година се планира да се запишат вкупно 170 ученици во економско-правна и трговска струка распоредени во 5 паралелки на македонски наставен јазик во следните профили:

-Економски техничар - ученици 102, паралелки 3,

-Деловен секретар - ученици 34 , паралелки 1,

-Техничар за трговија и маркетинг - ученици 34, паралелка 1.

3. Средно стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски” Велес.

Во првата година година се планира да се запишат вкупно 238 ученици, распоредени во 7 паралелки на македонски наставен јазик и тоа :

1. Хемиско-технолошка струка

А. Образовен профил со четиригодишно траење:

Хемиско-технолошки техничар - 34 ученика, 1 паралелка,

Нутриционист техничар - 34 ученика, 1 паралелка.

Б. Текстилно-кожарска струка:

Текстилен техничар - 34 ученика, 1 паралелка.

2. Здравствена струка

А. Образовен профил со четиригодишно траење:

Медицинска сестра -34 ученика, 1 паралелка,

Физиотерапевтски техничар - 34 ученика, 1 паралелка,

Фармацевтски лабораториски техничар - 34 ученика, 1 паралелка

3. Лични услуги

А. Образовен профил со четиригодишно траење

Козметички техничар - 34 ученика, 1 паралелка

4. Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски” Велес

Во прва година се планира да се запишат 408 ученика, распоредени во 12 паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки:

1.Машинска струка

А. Образовен профил со четиригодишно траење:

Машински техничар - 34 ученика, 1 паралелка,

Техничар за компјутерско управување, 34 ученика, 1 паралелка,

Машинско-енергетски техничар, - 34 ученика, 1 паралелка,

Автомеханичар –мехатроничар - 34 ученика 1 паралелка,

Б. Образовен профил со тригодишно траење

Автомеханичар - 12 ученика,

Металоструга р - 10 ученика = од сите три профила 1 паралелка

Заварувач - 12 ученика,

2.Сообраќајна струка

А. Образовен профил со четиригодишно траење

Техничар за транспорт и шпедиција - 34 ученика, 1 паралелка,

3. Електротехничка струка :

А. Образовен профил со четиригодишно траење

Електротехничар за компјутерска техника и автоматика - 68 ученика, 2 паралелки,

Електротехничар за електроника и телекомуникации, 34 ученика, 1 паралелка,

Електротехничар-енергетичар, 34 ученика, 1 паралелка,

Б. Образовен профил со тригодишно траење

Електроинсталатер и монтер ½ со 17 ученици

Електромеханичар ½ со 17 ученици = 1 паралелка

4. Угостителско-туристичка струка

А. Образовен профил со тригодишно траење

Келнер, 17 ученика, ½ паралелка

Готвач, 17 ученика, ½ паралелка = 1 паралелка

Број 07-229/11
25.01.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

4.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност за користење на простор за работа на Републичката единица за заштита и спасување од пожари за време на мобилизација

Се објавува Решението за давање согласност за користење на простор за работа на Републичката единица за заштита и спасување од пожари за време на мобилизација, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/5
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Влес” бр.12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за давање согласност за користење на простор за работа на Републичката единица за заштита и спасување од пожари за време на мобилизација

1.Со ова Решение се дава согласност на Територијалната противпожарна единица –Велес, за потребите на Републичката единица за заштита и спасување, да обезбеди простор за работа во време на мобилизација на републичките сили за заштита и спасување.

Како простор се определува (празниот простор позади гаражите и просторија со телефонска линија-просторија на командирот).

2. Начинот на користење на просторот за мобилизација, ќе биде уреден со посебен договор склучен помеѓу командирот на ТППЕ - Велес и раководителот на Дирекцијата за заштита и спасување, подрачно одделение –Велес.

3. По донесувањето на ова Решение се задолжува командирот на ТППЕ Велес да направи подготовка за потпишување на Договорот од точка 2 на ова решение.

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Велес“.

Број 07-299/6
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

5.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување цени за вршење на хортикултурни услуги на ЈКП „Дервен“

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување цени за вршење на хортикултурни услуги на ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/6
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување цени за вршење на хортикултурни услуги на ЈКП „Дервен“

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување цени за вршење на хортикултурни услуги на ЈКП „Дервен“ Велес број 02-194, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"- Велес на седницата одржана на 13.01.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-299/7
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на Р.Македонија бр 38/96,06/02,40/03, 49/06 и 22/07) а во согласност со член 22 од Статутот на ЈКП „Дервен“ -Велес,

Управниот одбор на претпријатието, на седницата одржана на 13.01.2011 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување цени за вршење на хортикултурни услуги

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат цените за вршење на хортикултурни услуги од страна на РЕ Паркови и зеленило при ЈКП „Дервен”, по работни операции, согласно Годишната програма за уредување и одржување на градското зеленило, без пресметан ДДВ.

Член 2

Цените на услугите изнесуваат:

Ред. бр.	Вид на работа	Ед. мера	Цена денари
1.	Рачно косење	$м^2$	1,20
2.	Машинско косење	$м^2$	0,95
3.	Собирање на трева	$м^2$	0,50
4.	Рачен утовар на искосена трева	$м^2$	0,07
5.	Рачно поливање на зел.површини	$м^2$	0.95
6	Поливање на зелени површини со распрскувач	$м^2$	0,03
7.	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци	$м^2$	3,20
8.	Сечење ивици по парковски патеки	$м^2$	2,93
9.	Садење сезонско цвеќе	$м^2$	23,30
10.	Прашење цветни површини	$м^2$	19,50
11.	Кроење жива ограда	$м^2$	11,00
12.	Окопување жива ограда	$м^2$	14,34
13.	Кроење на ружи и цветни грмушки	$м^2$	15,00
14.	Фито заштита	$м^2$	10,25
15.	Метење по песочни патеки	$м^2$	0,29
16.	Собирање на хартија и отпадоци	$м^2$	0,06
17.	Стругање плевел по патеки	$м^2$	7,81
18.	Рачен утовар на лист	$м^2$	0,22
19.	Окопување на дрва, покривачи, грмушки и др. садници	бр.	15,93
20.	Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење	$м^2$	4,58
21.	Уништување коров со хербициди по патеки	$м^2$	10,25
22.	Одржување на парковски базент	бр.	1.764,00
23.	Копање на дупки за садење на садници	бр.	132,50
24.	Прихранување на тревни површини	$м^2$	0,18
25.	Поправка на парковски мостови	бр.	2.066,00
26.	Поправка на парковски клупи и бојадисување	бр.	40,60
27.	Одржување на корита и жардињери -поливање -плевење -прашење	 $м^2$ $м^2$ $м^2$	 0,48 15,93 19,50
28.	Сечење на суви гранки	бр.	81,20
29.	Поливање на зелени површини со цистерна	$м^2$	2,86
30.	Поливање на дрвореди со цистерна	бр.	2,86
31.	Мерење и исколчување на терен	$м^2$	10,00
32.	Рачен ископ на земја	$м^3$	578,00
33.	Рачен ископ на мокра земја	$м^3$	751,00
34.	Рачен ископ на мокра земја со жили и корења	$м^3$	722,00
35.	Рачно префрлање на ископана земја на далечина од 2 - 3 мж	$м^3$	289,00
36.	Рачно растурање на земја на рамни површини	$м^3$	87,00
37.	Рачно затрупување на ров без набивање	$м^3$	173,00
38.	Грубо планирање на површината по рачен ископ	$м^2$	66,00
39.	Фино планирање на површината по рачен ископ	$м^2$	30,00
40.	Набивање - валирање на земја во слоеви од	$м^3$	347,00

41.	Рачно прекопување на подлога со копач	$м^2$	58,00
42.	Одстранување на камења и корења на купови	$м^2$	2,30
43.	Рачно прекопување со лопата на површината обрасната со трева и превртување на бусот	$м^2$	50,00
44.	Стружење на стар тревник со д = 5 - 8 см.	$м^2$	36,00
45.	Орање на површината со трактор	$м^2$	4,00
46.	Фрезирање на површината	$м^2$	6,00
47.	Пренос шут со количка до 30 мж	$м^3$	581,00
48.	Грубо планирање на површината по машински ископ	$м^2$	42,00
49.	Фино планирање на површината по машински ископ	$м^2$	29,00
50.	Сеење, грабулање и валирање на тревно семе	$м^2$	48,00
51.	Рачен ископ на дупки во лесно и средно тло со лопата со димензии		
	100 см х 100 см х 100 см	бр.	730,00
	100 см х 100 см х 80 см	,,	580,00
	100 см х 100 см х 60 см	,,	440,00
	80 см х 80 см х 60 см	,,	280,00
	60 см х 60 см х 60 см	,,	160,00
	40 см х 40 см х 40 см	,,	50,00
52.	Садење на листопадни дрвја		
	со пречник на стебло од 3 - 4 см	бр.	250,00
	со пречник на стебло од 4 - 5 см	,,	330,00
53.	Садење на листопадни дрвја многу разгранети со прицврстување на 3 колци		
	со пречник на стеблото од 3 - 4 см	бр.	410,00
	со пречник на стеблото од 4 - 5 см	,,	570,00
54.	Садење на четинари и зимзелени грмушки со		
	пречник на бусен до 30 см	бр.	110,00
	пречник до 30 - 40 см	,,	130,00
	пречник до 40 - 50 см	,,	170,00
	пречник до 50 - 60 см	,,	260,00
	пречник до 60 - 70 см	,,	330,00
55.	Садење на листопадни грмушки	бр.	50,00
56.	Садење на рози	,,	50,00
57.	Садење на перени	,,	10,00
58.	Садење на сезонско цвеќе на веќе припремена површина	,,	4,0
59.	Машинско косење со самоходна машина	$м^2$	4,0
60.	Сечење на диви грмушки со пречник до 3 см густо обраснати	$м^2$	20,00
61.	Сечење на дрвја со претпазливост од непрекинат сообраќај со пречник до Ø 30 см	бр.	1.200,00
62.	Сечење на дрвја со претпазливост од непрекинат сообраќај со пречник над Ø 30 см	бр.	2.500,00

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила по дадената согласност од Советот на Општина Велес.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Управниот Одбор
Дипл. правник Бобан Пановски с.р.

6.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цени за закуп на деловните простори на ЈКП „Дервен“

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цени за закуп на деловните простори на ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/7
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за закуп на деловните простори на ЈКП „Дервен“

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на цени за закуп на деловни простори на ЈКП „Дервен“ број 02-196, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"-Велес на седницата одржана на 13.01.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-299/8
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на Р.Македонија бр 38/96,06/02,40/03, 49/06 и 22/07), а во согласност со член 22 од Статутот на ЈКП „Дервен“ -Велес,

Управниот одбор на седницата одржана на 13.01.2011 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување висина на цени за закуп на деловните простори

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на цените за закупнината за деловните простори кои се издаваат на физички и правни лица, а се во сопственост на ЈКП „Дервен“ Велес.

Член 2

За деловната просторија на Пазарот бр.2 во Нова населба-Велес , цената за закуп по м2 изнесува 5 Евра во денарска противвредност, пресметана на денот на фактурирањето по среден курс на Народна банка на Република Македонија, плус 18 % ДДВ.

Член 3

За деловната просторија на ул.„Никола Оровчанов“ –Велес, цената за закуп по м2 изнесува 6 Евра во денарска противвредност, пресметана на денот на фактурирањето по среден курс на Народна банка на Република Македонија, плус 18 % ДДВ.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката бр. 02-434 од 25.05.2000 година, Одлуката бр. 02-889 од 24.08.2006 и Одлуката бр. 02-1795 од 02.09.2010 година.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила по дадената согласност од Советот на Општина Велес.

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л
на Управен Одбор
Дипл.правник Бобан Пановски

7.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цени за извршените услуги према правни и физички лица на ЈКП„Дервен“

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување висина на цени за извршените услуги према правни и физички лица на ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/8
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06.13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување висината на цените за извршените услуги према правни и физички лица на ЈКП „Дервен“

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на цените за извршените услуги према правни и физички лица на ЈКП „Дервен“број 02-193, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"- Велес на седницата одржана на 13.01.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-299/9
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на Р.Македонија бр 38/96,06/02,40/03, 49/06 и 22/07) а во согласност со член 22 од Статутот на ЈКП “Дервен“ -Велес, Управниот одбор на седницата одржана на 13.01.2011 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување висина на цените за извршените услуги према правни и физички лица

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на цените за вршење на услуги од ЈКП „Дервен“-Велес према правни и физички лица, без пресметан ДДВ.

Член 2

Цените на услугите изнесуваат:

1. Евидентирање на приклучок за физички лица ..... 1 500,оо ден
2. Евидентирање на приклучок за колективно домување и правни лица ..... 5 000,оо ден
3. Одредување на хидротехнички услови- за физички лица ..... 2 500,оо ден
4. Одредување на хидротехнички услови за колективно домување и правни лица ..... 5 000,оо ден
5. Исклучување од водоснабдување поради неподмирување на обврски ..... 1.500,оо ден
6. Повторно приклучување на водоснабдување по исклучување поради неподмирување на обврски ..... 1.500,оо ден
7. За асистенција од други организации на установа ..... 2.000,оо ден
8. Вршење на услуги со спец.воз.Цистерна за отпушување на канализација ..... 5.000,оо ден/час
9. Вршење на услуги со специј.воз.Автоподизач ..... 3.000,оо ден/час
10. Употреба на цистерна со посада и вода ..... 2.000,оо ден/час
11. Употреба на трактор со работници ..... 1.000,оо ден/час
12. Употреба на трактор без работници ..... 700,оо ден/час
13. Употреба на„ТАМ“-2001(теретно) ..... 800,оо ден час
14. Користење на „Веда“-пумпа ..... 300,оо ден/час
15. Вршење услуга со ровокопач ..... 4.000,оо ден/час
16. Вршење услуга со булдожер гасеничар на депонија ..... 4.500,оо ден/час
17. Вршење на услуги со теренско возило ..... 600,оо ден час
18. Вршење на услуги со Кобра ..... 1.000,оо ден/час
19. Вршење на услуги со Хилте ..... 850,оо ден час
20. Вршење на услуги со Агрегат за елек.енергија ..... 900,оо ден/час
21. Вршење на услуги со компресор ..... 2,500,оо ден/час
22. Вршење на услуги со машина за сечење асфалт и бетон со работници ..... 2.500,оо ден/час
23. Вршење на услуга со машина за набивање со работници ..... 1.500,оо ден/час
24. Работа на дипл. инженер ..... 810,оо ден/час
25. Работа на геометар ..... 630,оо ден/час
26. Градежно-водоинсталатерски работи..... 300,оо ден/час
27. Канализациони услуги
    а) Отклонување на канализација..... 300,оо ден/час
    б) Изведување на канализација..... 300,оо ден/час
28. Вршење услуги од електрика..... 300,оо ден/час
29. Уредување на парковни површини..... 300,оо ден/час
30. Косење на трева со тревокосачка..... 450,оо ден/час
31. Сечење на дрвја со Ф до 30 см. ..... 1 200.оо ден/бр.
32. Сечење на дрвја со Ф над 30 см ..... 2 500.оо ден/бр.
33. Кроење на ружи и жива ограда ..... 400.оо ден/час
34. Вршење услуга со фреза ..... 500.оо ден/час
35. За сите останати услуги кои ги врши ЈКП Дервен, а се од областа на комунални услуги ..... 400,оо ден/час
36. Хиперхлорирање и дезинфекција на водоводни линии и резервоари за вода за пиење

а). Механичко чистење, хиперхлорирање и дезинфекција на резервоари за вода за пиење

цена: 2.000,00 ден. / 100м³ резервоарски простор

б). Хиперхлорирање, испирање и дезинфекција на водоводни линии (Ø 80мм÷Ø 1200мм)

.....цена:15.000,00 ден. за (Ø 80мм ÷ Ø 300мм) /1000 м'

20.000,00 ден. за (Ø 400мм ÷ Ø 1200мм) /1000 м'

в). основен физичко-хемиски и бактериолошки преглед на вода..... цена: 1500,00 ден.

г). за нови објекти 3 последователни прегледи на вода вкупна..... цена: 4500 ден.

37. Хиперхлорирање, дезинфекција и испирање на водоводни линии во објекти
   а. хиперхлорирање, испирање и дезинфекција на водоводни линии во заеднички станбен објект **цена:** 2.000,00 ден. по стамбена единица
   б. хиперхлорирање, испирање и дезинфекција на водоводни линии во комерцијални, деловни и угостителски објекти **цена:** 35.000,00 ден.
   в. основен физичко-хемиски и бактериолошки преглед на вода.....цена: 1500,00 ден
   г. за нови објекти 3 последователни прегледи на вода вкупна.....цена: 4500, ден.
   д. физичко – хемиски и бактериолошки преглед на отпадни води.....цена: 2500,00 ден.

38. Механичко чистење и третман на вода во украсни фонтани
   а. механичко чистење на фонтани
      цена: 6.000,00 ден. / (35м³÷60 м³ вода)
      4.000,00 ден. / (5м³÷35 м³ вода)
   б. третман на вода (дезинфекција, алгициди .....)
      цена: 250,00 ден. / од ден (35м³÷60 м³ вода)
      цена: 150,00 ден. / од ден (5м³÷35 м³ вода)
   в. сервисирање на јавни чешми.....цена: 600,00 ден. / од ден (35м³÷60 м³ вода)
39. Механичко чистење на таложник од пречистителна станица за отпадни води
      цена : 3.150,00 ден./час

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката бр.02-1245 од 07.11.2005 година, Одлуката бр.02-1412 од 31.10.2007 година и Одлуката бр.02-2573 од 06.12.2010 година, донесени од УО на ЈКП „Дервен“.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила по дадената согласност од Советот на Општина Велес.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Управен Одбор
Дипл. правник Бобан Пановски

8.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за наплата на пазарната такса од корисниците на пазарните услуги на пазарите на мало во Велес на ЈКП „Дервен“

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за наплата на пазарната такса од корисниците на пазарните услуги на пазарите на мало во Велес на ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/9
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за наплата на пазарна такса од корисниците на пазарните услуги на пазарите на мало во Велес на ЈКП „Дервен“

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за наплата на пазарна такса од корисниците на пазарните услуги на пазарите на мало во Велес на ЈКП „Дервен“ број 02-195, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"-Велес на седницата одржана на 13.01.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-299/10
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на Р.Македонија бр 38/96,06/02,40/03, 49/06 и 22/07) а во согласност со член 22 од Статутот на ЈКП ДЕРВЕН -Велес, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 13.01.2011 год. ја донесе следната

О Д Л У К А
за наплата на пазарна такса од корисниците на пазарните услуги на пазарите на мало во Валес

Член 1

Цените на пазарните услуги што ги дава ЈКП ДЕРВЕН Велес на пазарите на мало ќе изнесуваат:

I. ЗА ИЗЛОЖЕНИ ПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. На земјоделски производи (зеленчук,овошје,зрнести производи, јужно овошје, маслинки,лековити растенија,мед и сл.)..... 5 % од вредноста на донесените производи како и 18% ДДВ на наплатениот износ

II. ЗА ИЗЛОЖЕНИ НЕПРЕХРАМБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Садници,расаден материјал,семенски материјал и сл..... 5 % од вредноста на донесените производи како и 18% ДДВ на наплатениот износ

III. ЗА ИЗНЕСЕНИ ЗАНАЕТЧИСКИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ ЗА ПРОДАЖБА

на пазарот	**На негова тезга**	**на тезга**
1. Галантерија од пластика, кожа, гума и текстил	40,оо ден./м2	50,оо ден./м2
2. Бижутерија и други мешани производи	35,оо ден./м2	50,оо ден./м2
3. Производи од дрва	35,оо ден./м2	50,оо ден./м2
4. Производи од железо (ковачи)	35,оо ден./м2	50,оо ден./м2
5. Стари алишта и предмети	30,оо ден./м2	40,оо ден./м2
6. Производи од глина (грнчарски)	25,оо ден./м2	/

IV. ЗА ПРОДАЖБА НА СЕКАКОВ ВИД НА ЖИВИНА

1. Кокошки	10,оо ден./парче
2. Зајаци	20,оо ден./парче
3. Мисирки	20,оо ден./парче

V. ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ВАГА ЗА МЕРЕЊЕ ДО 10 кг.

1. За една смена од 5,30- 13,30 часот	50,оо ден.
2 . За две смени од 5,30 – 20,00 часот	80,оо ден.

VI ЗА МЕРЕЊЕ ПРОИЗВОДИ СО НАША ВАГА

1. До 100 килограми 10,оо ден.
2. До 500 килограми 20,оо ден.
3. До 1000 килограми 30,оо ден.

VII. ЗА ЗАКУПНИНА НА МАГАЦИНСКИ ПРОСТОР

1. Месечна закупнина на магацински простор 230,оо ден./м2

VIII. ЗА ДНЕВНА РЕЗЕРВАЦИЈА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА И ТЕЗГИ

1. Еднократна наплата за дневна резервација 50,оо ден.

IX. ЗА РЕЗЕРВАЦИЈА НА ПРОДАЖНО МЕСТО И ТЕЗГА

1. Тезги од I категорија

За 1 месец ..... 1.100,оо ден.
За 3 месеци ..... 3.100,оо ден.
За 6 месеци ..... 5.900,оо ден.
За 9 месеци ..... 8.500,оо ден.
За 12 месеци ..... 10.500,оо ден.

1. Тезги од II категорија

За 1 месец ..... 950,оо ден.
За 3 месеци ..... 2.700,оо ден.
За 6 месеци ..... 5.100,оо ден.
За 9 месеци ..... 7.300,оо ден.
За 12 месеци ..... 9.000,оо ден.

1. Тезги од III категорија

За 1 месец ..... 600,оо ден.
За 3 месеци ..... 1.700,оо ден.
За 6 месеци ..... 3.200,оо ден.
За 9 месеци ..... 4.600,оо ден.
За 12 месеци ..... 5.700,оо ден.

X. ЗА ПРОДАЖБА ОД КАМИОНИ,ПРИКОЛКИ И СЛ.

1. Закупнина на тезга-продажно место ..... 2.000,оо денари/месец
2. Пазарна такса од ..... 6 % од вредноста на донесените производи

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-506 од 31.05.2001 година и Одлуката бр. 02-2354 од 09.11.2010 година донесени од страна на Управниот одбор при ЈКП ДЕРВЕН Велес.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по добиената согласност од Советот на Општина Велес.

Претседател на Управен одбор
Дипл.прав. Бобан Пановски

9.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“Велес за периодот од 01.01.2010 до 30.09.2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес за периодот од 01.01.2010 до 30.09.2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/3
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01.2010 до 30.09.2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01.2010 до 30.09.2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-200/4
25.01.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.01.2011 година.

Број 08-381/4
27.01.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-299/5
25.01.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Согласно член 37 став 1 и 2 од од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ“ бр. 13/06) и член 60 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.01.2011 година донесе:

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
(за период од 01.01.2010 до 31.12 .2010 година)

1.Податоци за службеното/те лице/а задолжени за посредување на информации кај имателите на информации

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И МЕСНА САМОУПРАВА

Предна канцеларија/ Граѓански сервис центар

Одговорно лице: Слободан Николовски, самостоен референт за административни работи, заштита и спасување, природни непогоди и управување со кризи

